*Елена РИЗОВА*

**УДК: 374.4:331.5] :364–786**
Изворен научен труд

# ОБРАЗОВНАТА ПОНУДА И ИНКЛУЗИВНОСТА ВО СФЕРАТА НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

## *Кратка содржина*

*Значителните промени во поглед на потребите и барањата за нови вештини и компетенции на полето на пазарот на трудот кои се условени од сигнификантниот технолошки развој, променливите економии, социјалните и политичките уредувања на земјите, ги ставаат образовните системи ширум светот (особено стручното образование и обука и образованието на возрасните) пред голем предизвик – Како да ги оспособат индивидуите со вештини и компетенции потребни за пазарот на трудот на иднината?*

*Остварувањето на оваа амбициозна цел е можно единствено преку промена на парадигмата од „едно работно место за цел живот" во „учење во текот на целиот живот" или „доживотно учење". Неформалното образование во контекст на концептот на доживотното учење е еден од начините кој овозможува стекнување релевантни вештини, ставови и компетенции на индивидуите. Тоа ги надополнува недостатоците на формалниот образовен систем кој бавно се адаптира на социоекономските промени карактеризиран со конзерватизам, кој пак води до инерција на самите општества.*

*Овој труд претендира да ја претстави образовната понуда и инклузивноста во областа на неформалното образование на возрасните, анализирајќи ја програмската понуда од една страна и инклузивноста на самиот неформален образовен процес од друга страна. Добиените резултати се во насока на истакнување на добрите практики, како и предизвиците кон кои треба итно да се постапи со цел остварување на целта за инклузија и еднаквост во контекст на концептот на доживотно учење.*

***Клучни зборови:*** *НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ, ПАЗАР НА ТРУД, ИНКЛУЗИЈА*

## Вовед

Со придвижувањето на светот кон индустријализираната економија, потребата од континуирано образование и олеснување на пристапот на возрасните кон образовната понуда, се преиспитува традиционалниот образовен систем и се создаваат можности за професионален и персонален развој и надополнување. Овие промени кои се случуваат во контекст на концептот на доживотното учење се предизвикани од мноштво фактори како: огромниот пристап до информации, рапидните технолошки промени, глобалните интеракции, брзите промени во индустријата, како и зголемување на влезните квалификации во светот на трудот и потребата за одредени специфични вештини.

Денес, повеќе од кога било, од клучно значење е сите граѓани да добиваат висококвалитетно образование и обука за да се здобијат со клучни компетенции кои им се потребни да бидат економски активни и вработливи и да го подобрат животот во целина. Како последица на тоа, секоја земја треба да се фокусира на континуирано зајакнување на работната сила со знаења, вештини и ставови кои не можат да бидат стекнати само преку формалниот образовен систем.

Меѓутоа, имајќи ја предвид петрифицираноста на формалното образование кое не може да ја следи динамиката на новите потреби и барања кои му се наметнуваат на човекот, постои очигледна потреба од реструктурирање на целокупниот систем на образование и обука низ сите образовни потсистеми (Ризова, 2020). Резултатите од тие промени би се согледале во намалување на значењето од добивање единствено сертификатна квалификација од една страна, и зголемување на капацитетите за перманентна образовна активност и флексибилност во работата, од друга страна. Неформалната образовна понуда претставува едно од „решенијата“ на комплексните и сериозни предизвици на современото општество како невработеноста, сиромаштијата, ексклузијата и дискриминацијата итн.

Многу е важно неформалната образовна понуда да биде во блиска корелација со барањата на пазарот на трудот, но исто така да го обезбедува правото за еднаква партиципација на сите луѓе, како и да го почитува принципот на инклузивност кој подразбира овозможување еднакви можности за вулнерабилните категории граѓани да бидат активни партиципиенти во светот на трудот.

**Неформално образование**

Неформалното образование и учење претставува сѐ пораспространета форма на учење и образование, како и реална перспектива на образованието на возрасните во современиот свет. Тоа се дефинира како „која било образовна активност организирана надвор од воспоставениот формален образовен систем, без оглед дали делува одвоено или во состав на некоја друга активност: социјална, религиска, семејна итн. (Savičevič, 2003)

Во образовните документи на Европската Унија, неформалното образование е широко дефинирано како секое образование и обука кои вклучуваат каков било вид на активност на образование, учење и обука кои не се дел од формалниот образовен процес. (Младински културен центар – Битола, 2009)

Неформалното образование во денешните „општества базирани на знаење“ станува неизбежна потреба, бидејќи им овозможува на индивидуите во кој било период од животот да бидат во тек со општествените развојни текови, но и да го надополни сето она што му недостасува на формалниот образовен систем. Меѓутоа, треба да се напомене дека целта на неформалното образование не е да создаде паралелен образовен систем

на формалниот, туку спротивното: да биде комплементарна поддршка на формалното образование и учење, најмногу поради неговата флексибилност и можност за приспособување на општествените промени кои се случуваат во современите општества. Единствено на овој начин неформалното образование придонесува кон остварувањето на европската визија за „општество базирано на знаење“.

Европските и светските економии сè повеќе се потпираат на ремедитативната моќ која ја има неформалното образование и обука за дополнување на празнините на формалното образование, како и „држење чекор“ со новите и современи занимања кои се условени од новиот начин на кој живееме, учиме и работиме. Преку неформалното образование и обука, младите и возрасните можат да стекнат и да ги унапредат компетенциите, да се здобијат со соодветна квалификација и да станат конкурентни на пазарот на трудот, но тоа служи и како средство за личен развој и исполнување, како и активно граѓанство. Ова меѓу другото е можно заради неговата поголема флексибилност и можност за побрзо приспособување како на потребите на учесниците на обуките, така и на потребите на пазарот на трудот/работодавачите. (Education for employment in North Macedonia – Project Report, 2019)

Неформалното образование станува дел од интернационалниот образовен дискурс во доцните 1960-ти и раните 1970-ти поради зголемената потреба од образование и обука на неквалификуваната работна сила во тоа време. На него се гледа како блиско на концептите на дополнителното (рекурентно) образование и доживотно учење. (Tight, 1996) сугерира дека споменатите концепти на доживотно и рекурентно учење се однесуваат на продолжување на образованието и учењето низ животот, додека неформалното образование се однесува на „признавање на значењето на образованието, учењето и обуката кои се случуваат надвор од формално признатите образовни институции. (Fordham, 1993) истакнува дека во 1970-тите години, четири карактеристики стануваат иманентни за неформалното образование:

- Се земаат предвид потребите на ранливите групи индивидуи;
- Се води сметка за специфични категории на индивидуи;
- Фокусираност на јасно дефинирани цели;
- Флексибилност во организацијата и методите.

**Табела бр. 1**: Карактеристики на формалното и неформалното образование

| | **формално** | **неформално** |
|---|---|---|
| **цели** | Долгорочни и општи<br>Базирани на квалификации | Краткорочни и специфични<br>Не се базирани на квалификации |
| **времетраење** | Долг циклус/подготвително | Краток циклус/дополнително |

| | | |
|---|---|---|
| **содржина** | Стандардизирана/ ориентирана кон влез академска | Индивидуализирана/ ориентирана кон излез практична |
| **системска и структурална поставеност** | Институционално базирана, изолирана од потесната околина. Ригидно структурирана, ориентирана кон наставникот. | Базирана на околината, поврзана со општината. Флексибилна, ориентирана кон ученикот. |
| **контрола** | Надворешна/хиерархиска | Самоуправувачка, демократска |

*(Адаптирано од Fordham, 1993)*

## Социјална инклузија и вработување

Живееме во време на зголемена пазарно-економска турбулентност придружена со кризна состојба и со потреби кои се тешко предвидливи. Демографските трендови кои се карактеризираат со сѐ поголем процент на возрасно население исто така придонесуваат во зголемување на притисокот на пазарот на трудот. Имено, како резултат на животниот век на човекот и намалениот прираст на населението во светот, светскиот прираст на популацијата е во значителен пад и таквата траекторија се очекува да продолжи во следните неколку декади. Во развиените земји во светот, се проценува дека пет од десет вработени на пазарот на трудот ќе имаат над 65 години, за разлика од 3,5 вработени од десет во 2017 година. Тоа значи дека пред возрасната популација се поставуваат нови предизвици кои ја принудуваат да ги осовременува своите компетенции во контекст на иновациите и структуралните промени на пазарот на трудот.

Социјалната инклузија е концепт кој се смета дека е посакуван во општества кои имаат за цел постигнување унифицирани заедници и кој подразбира еднаква партиципација на сите индивидуи во заедницата. Креаторите на политиките и владите ширум светот истакнуваат дека социјалната инклузија е од исклучително значење за одржливоста и развојот на нивните земји и поради тоа ги зајакнуваат политиките и законодавството со цел да се овозможи еднаква партиципација на сите граѓани. (Beland, 2007).

Социјалната инклузија се стреми за еднакви права, образование и можности за сите индивидуи во општеството, без разлика на нивниот социјален статус, пол, раса и способности, ширум сите социјални контексти и заедници.

Cloete and Kotze (2009) се придружуваат на ваквата дефиниција, надополнувајќи дека социјалната инклузија е факторот кој ги обединува индивидуите и групите во општеството. Авторите понатаму објаснуваат дека социјалната инклузија е „поврзана со заедницата, социјалниот капитал и градењето на нацијата" и ги поврзува индивидуите меѓусебно, кршејќи ги

бариерите на етнички и класни разлики. Во општествата каде има недостаток од социјална инклузија, често се среќаваат високи нивоа на сиромаштија и неразвиеност. Тоа се должи на фактот дека на индивидуите кои се маргинализирани им се оневозможени еднаквите права и оттука не можат или не учествуваат во работната сила.

Република Северна Македонија има зголемен тренд на стареење на популацијата, поради што особено внимание треба да се посвети на прашањето за подобрување на условите за живеење и работа за младите. Учеството на младите на возраст од 15 до 24 години во вкупното работоспособно население е во постојан пад. Така, во 2016 година таа изнесува 16,3 %, во споредба со 19,0 % која била во 2011 година. Во исто време, дистрибуцијата на млади луѓе според економскиот статус на пазарот на трудот покажува дека 68,7 % се неактивни; 16,2 % се вработени и 15,1 % се невработени; жените се помалку активни на пазарот на трудот и се со помала веројатност од мажите да најдат работа. Стапката на невработеност на младите луѓе (15 - 24 години) во Македонија беше 48,2 % во 2016 година и значително е над онаа на земјите од ЕУ каде просечната стапка на невработеност е 18,7 %. (Novkovska, 2017)

Кон образованието на возрасните, пак, сè уште недостасува целосна насоченост и вистинска посветеност иако тоа не само што е важен, туку е и стратешки елемент за економскиот и општествениот развој во државата. Ваквата политика меѓу другото предизвикува зголемување на неповолната образовна структура на населението, недоволно преструктурирање на работната сила како и немање поголеми можности за вистинска заштита на маргиналните и загрозени групи. Образованието на возрасните треба да се прифати како посебен општествен интерес кој е и дел од глобалните политики за економски развој. Принципот на инклузивност во стручното образование и обука и образованието на возрасните подразбира развивање повисока свест за меѓусебна поврзаност, зависност и солидарност кај сите засегнати страни, без разлика на нивната раса, пол, попреченост или социјална, етничка, религиска и културна припадност, како и материјална и здравствена состојба, тешкотии во развојот или инвалидитет. Инклузивноста всушност значи обезбедување пристап, услови за вистинска вклученост и напори за постигнување резултати на сите ученици/учесници во процесот на поучување и обука.[1]

## Методологија на истражувањето

Главната цел на истражувањето е да се добијат релевантни информации за актуелната состојба со образовната понуда и инклузивноста во областа на неформалното образование на возрасни, односно да се испитаат мислења-

[1] Согласно трипартитниот систем на ОЕЦД за одредување на лицата за кои е потребна поголема инклузивност (посебно во системите за образование и обука) се опфатени три категории.

та на понудувачите и корисниците на услуги во неформалното образование во врска со пазарната ориентираност и инклузивноста на обуките.

Истражувачките активности и обработката на добиените податоци вклучуваат сеопфатен пристап на консултации и испитување на ставовите на сите засегнати страни во понудата и реализацијата на неформалното образование на возрасни (верификувани понудувачи на услуги, како и на корисниците на програмите за неформално образование и обука - учесници во обуките).

За остварување на целите на истражувањето беа изготвени и спроведени инструменти за прибирање податоци во врска со ставовите на верификуваните понудувачи на услуги за образование на возрасни, ставовите на корисниците од програмите за неформално образование на возрасни, како и фокус групи со претставници на понудувачи на услуги за образование на возрасни.

Истражувањето има квантитативен и квалитативен карактер, каде покрај ставовите добиени како одговори на прашањата во прашалниците, се користат и квалитативни истражувачки техники (интервју и фокус групи), како и проучување на литература и релевантни претходни истражувања со цел да се постигне соодветна методолошка триангулација за објективизација на добиените податоци.

Примерокот во истражувањето се состои од 22 активни понудувачи на услуги за образование на возрасни и 113 корисници на програми за неформално образование на возрасни од 4 различни општини ширум Република Северна Македонија: Скопје, Тетово, Охрид и Струмица.

## Резултати, заклучоци и препораки

Од квалитативната и квантитативна анализа на податоците добиени од спроведеното истражување може да констатираме дека прашањето за образовната понуда и инклузивноста на неформалното образование на возрасни е од комплексна природа и бара студиозен пристап во неговото елаборирање. Поради тоа, групирањето на заклучоците ќе го извршиме според индикаторите околу кои гравитираше анализата на добиените податоци. Треба да напомenеме дека при анализата и интерпретацијата на резултатите забележавме појава на социјално пожелни одговори која се јавува скоро кај сите општествени истражувања главно поради менталитетот кој владее на ова поднебје, како и стравот да се искаже своето искрено мислење (особено ако не е во согласност со она што испитаниците сметаат дека истражувачот сака да го слушне).

Во однос на образовната понуда на програмите за неформално образование на возрасни, сите категории испитаници без исклучок сметаат дека програмите за неформално образование на возрасни кои се нудат во голема мерка се во согласност со побарувањата на пазарот на трудот. Овие ставови можеме да ги сметаме за субјективни, бидејќи во понатамошното испитува-

ње на нивните мислења дознаваме дека испитаниците во многу мал процент се служат со дополнителни анализи и документација за дефицитарни професии и струки во Р Македонија и дека се соочуваат со недостаток од такви анализи и стратешки насоки за развој на дефицитарни занимања. Деталната анализа ни говори и дека при вработувањето, крајните корисници се соочуваат со потребата од дополнителни компетенции за вработување или за напредување на работното место, односно дека се јавува потребата за приспособување на наставните програми кон современите тенденции од соодветната струка/профил, со цел да се обезбеди соодветен пласман на пазарот на трудот и да се зголеми атрактивноста на самите програми.

Инклузивноста на програмите за неформално образование на возрасни како еден од предусловите за креирање современ систем за образование и обука, каде нема да постои дискриминација од етничка, полова, верска, расна и друга природа и каде лицата од ранливите категории како и лицата со попреченост ќе можат да го реализираат својот потенцијал и ќе можат да станат активни партиципиенти на пазарот на трудот може да заклучиме дека декларативно се почитува. Тоа се согледува во потврдните ставови на понудувачите на програми за неформалното образование на возрасни кои водат сметка програмите кои ги нудат да бидат достапни за сите категории граѓани. Овие ставови се поткрепени и со мислењата на повеќето од корисници на програмите за неформалното образование на возрасни кои во текот на обуката не почувствувале дискриминација од кој било вид. Иако мал процент од крајните корисници изјавуваат дека во обуката која ја посетувале учествувале лица со посебни потреби, тоа е сепак охрабрувачки и е знак дека почнуваат да се рушат предрасудите за лицата со попреченост и нивното активно вклучување на пазарот на трудот. Исто така, значајно е да се напомене дека понудувачите на програми за неформално образование на возрасни се волни да извршат промени во наставните програми за оваа категорија граѓани во согласност со нивната попреченост, како и да обезбедат соодветен обучувач кој би помогнал истите подобро да напредуваат во стекнувањето на компетенциите.

Во однос на наставниот кадар кој е вклучен во реализација на програмите за неформално образование на возрасни, може да се каже дека принципот на инклузија се почитува и тоа во однос на етничката, половата и верската определба. Се почитува и начелото за реализација на програмите за неформалното образование на возрасни на мајчиниот јазик на учесниците, така што доколку има потреба се обезбедуваат обучувачи или пак преведувачи за одредени програми и наставни материјали.

Некои од основните функции и придобивки на стручното образование и обука, како и образованието на возрасните се да го подобрат пристапот на младите и возрасните до можности за работа, да им овозможат прогресија на пазарот на труд, но и да го зголемат нивниот потенцијал. Развивањето на овие функции ќе придонесе кон намалување на сеприсутната ексклузија од светот на работата и општеството во целост. Единстве-

но преку континуираното приспособување кон променливите потреби на современиот пазар на труд, воведувањето на иновации во подучувањето и реализацијата на обуките, почитување и целосна реализација на концептот на инклузија во контекст на доживотното учење, младите и возрасните можат да ја намалат сиромаштијата и социјалните разлики и да ги поддржат процесите за одржлив развој.

**Литература:**

BELAND, D. and WADDAN, A. (2007) "Conservative ideas and social policy in the United States". *Social policy administration* – An international journal of policy and research,Volume 41, Issue 7: 768-786.

CLOETE, P. and KOTZE, F. (2009) Concept Paper on Social Cohesion/Inclusion in Local Integrated Development Plans. Commissioned by Department of Social Development, Republic of SouthAfrica.

http://www.presidentsaward.co.za/wp-content/uploads/2013/04/Social-Cohesion-Final- Draftcorrect-IDP DSD.pdf

FORDHAM, P. E. (1993) 'Informal, non-formal and formal education programmes' in YMCA George Williams College *ICE301 Lifelong Learning Unit 2*, London: YMCA George Williams College.

MCGIVNEY, V. and MURRAY, F. (1991) *Adult Education in Development. Methods and approaches from changing societies*, Leicester: NIACE.

MINISTRY FOR EDUCATION AND SCIENCE OF REPUBLIC OF MACEDONIA, *Strategy for vocational education and training in context of lifelong learning 2017-2020*, Skopje: MoES, CVET and ETF.

NOVKOVSKA, B. (2017) "Severity of the Issue of Excluded Young People in Macedonia from Education, Trainings and Employment: How to Cope With?" *UTMS Journal of Economics* 8 (3): 295–306.

RIZOVA, E. (2020) Professional development of educational workers throughout non-formal education. Bosnia and Herzegovina: Udruženje za podršku i kreativni razvoj djece i mladih.

RIZOVA, E. et al. (2019). *Market orientation and inclusiveness of the non-formal education in Republic of North Macedonia – Project report.* Skopje: Swiss Agency for Development and Cooperation.

SAVIČEVIĆ, D. (2003) *Komparativna andragogija*, Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju.

TIGHT, M. (1996) *Key Concepts in Adult Education and Training*, London: Routledge.

WORLD EMPLOYMENT SOCIAL OUTLOOK – trends 2018, International labour office, Geneva.

YOUTH CULTURAL CENTER – BITOLA (2009), *Non-formal education in Republic of Macedonia.* Bitola: Youth cultural center – Bitola. p.18.